# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

12 септември 2013 | Излегува по потреба | Година VIII | број 12



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ОДОБРУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ**
**ЗА НАСТАНАТА ШТЕТА ОД ПОЖАР**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/1**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), а во врска со поднесено барање од сопствениците на станови од колективната станбена зграда на ул.''1'' бр.2 во н.м Нова Колонија, за одобрување на парична помош за санирање на последиците од опожарување на дел од зградата, бр.08-3685/1 од 19.08.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НАСТАНАТА ШТЕТА ОД ПОЖАР

**Член 1**

Со оваа одлука, на сопствениците/корисниците на станови од колективната станбена зграда на ул.''1'' бр.2 во н.м Нова Колонија, им се одобрува еднократна парична помош, во вкупен износ од 150.000,00 денари (стоипедесетилјадиденари), заради убалажување на последиците од претрпена значителна материјална штета, предизвикана од опожарување на зградата, согласно барање бр.08-3685/1 од 19.08.2013 година, и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. ЖАКЛИНА СТОЈАНОВСКА, | 30.000,00 денари |
| 2. МЛАДЕН ВАСИЛЕВИЌ, | 20.000,00 денари |
| 3. СЛОБОДАН ГАВРИЛОВ, | 20.000,00 денари |
| 4. КРСТО ДИМИТРИЈЕВСКИ | 20.000,00 денари |
| 5. ЈОРДАН БЛАЖЕВСКИ | 20.000,00 денари |
| 6. АНИЦА КАМЧЕВСКА | 20.000,00 денари |
| 7. МОМЕ СПАСОВСКИ | 20.000,00 денари |

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа одлука, се обезбедени од Буџетот на на Општина Гази Баба за 2013 година, Програма А0 - Совет на Општина Гази Баба, ставка 413 - тековни резерви (разновидни расходи), а истите ќе се исплатат на трансакциска сметка на секој од сопствениците/корисниците.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/3**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/2**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (‘‘Службен весник на РМ’’ бр.5/02) ), член 11 став (3) од Законот за полиција (‘‘Службен весник на РМ’’ бр.114/06, 6/09 и 145/12) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (‘‘Службен гласник на Општина Гази Баба’’ бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се формира Локален совет за превенција, како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

### Член 2

Целта на Локалниот совет за превенција, е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гази Баба, како градење на доверба и партнерски однос, и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општината.

### Член 3

Локалниот Совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, претставници од верските заедници, како и претставници од невладиниот сектор и медиумите.

### Член 4

Со Локалниот совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претставници на Локалниот совет за превенција се:

1. Командирот на ПС од ОН ‘‘Гази Баба’’;
2. Претставник од одделението за превенција при МВР - СВР Скопје;
3. Пратеник во Собранието на Република Македонија од Општина Гази Баба;
4. Претседателот на Советот на Општина Гази Баба;
5. Олга Најденовска - член на Совет на Општина Гази Баба;
6. Благојче Трпковски - член на Совет на Општина Гази Баба;
7. Ирфан Аземов - член на Совет на Општина Гази Баба;
8. Дарио Николовски - член на Совет на Општина Гази Баба;
9. Директорот на ЈКП ‘‘Гази Баба - 2007’’ - Скопје;
10. Претставник од урбана или месна заедница;
11. Претставник од министерство за правда;
12. Претставник од министерство за здравство;
13. Претставник од министерство за одбрана;
14. Претставник од министерство за образование;
15. Претставник од ПЕ на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Гази Баба;
16. Претставник од Македонска православна црква;
17. Претставник од Исламска верска заедница;
18. Претставник од НВО - Кризен центар ‘‘НАДЕЖ’’, и
19. Претставник од медиумите.

**Член 5**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Локален совет за превенција (‘‘Службен гласник на Општина Гази Баба’’ бр.4/08 и 11/09).

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ‘‘Службен гласник на Општина Гази Баба’’.

**Број 07-3811/4**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**НАДОМЕСТ НА МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА**

1. Се објавува Одлуката за надомест на материјална штета, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/3**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02), член 141 став (1) од Законот за облигационите односи (''Службен весник на РМ'' бр.18/01, 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08 и 81/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), расправајќи по барањето на Драган Блажевски и Јовица Блажевски, бр.08-3801/1 од 27.08.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НАДОМЕСТ НА МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА**

**Член 1**

Со оваа одлука се надоместува сторената материјална штета од градежна механизација ангажирана од Општина Гази Баба, при изградба на новопроектираната и изведена фекална канализација, која поминува низ КП 309/1 и КП 309/3 КО Јурумлери.

**Член 2**

Вкупната штета сторена на посочените катастарски парцели, се проценува на 100.000,00 денари, согласно извештајот за увид на комисијата за проценка на штетата, бр.08-3801/2 од 29.08.2013 година, а се состои од уништена сточна храна (детелина) на КП 309/1 КО Јурумлери и намалена вредност на земјиштето при изведба на градежните работи на КП 309/1 и КП 309/3 КО Јурумлери.

**Член 3**

За материјална штета сторена на КП 309/1 КО Јурумлери, на корисник Драган Блажевски, му се определува надомест во висина од 70.000,00 денари.

**Член 4**

За материјална штета сторена на КП 309/3 КО Јурумлери, на корисникот Јовица Блажевски, му се определува надомест во висина од 30.000,00 денари.

**Член 5**

Се задолжува секторот за комунални работи, сообраќај и енергетска ефиксаност, да обезбеди нотарски заверени изјави од оштетените дека со исплата на надоместот предвиден во член 3 и член 4 на оваа одлука, оштетените нема да поведат судска постапка за надомест на штета против Општина Гази Баба, односно со исплатата на надоместот, престанува обврската на Општина Гази Баба кон нив по било кој основ во однос на предметниот настан.

**Член 6**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, да ја прибави потребната документација (вклучително и нотарски заверените изјави од член 5 на оваа одлука) согласно позитивните прописи од секторот за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност, и во рок од 8 дена од прибавување на потребната документација, да изврши исплата на наведениот износ на трансакциските сметки на оштетените, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба, за таа намена.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/5**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/4**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) и член 212 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), а во врска со точка 2 од Заклучокот за утврдување на Нацрт-Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, бр.07-3629/10 од 19.08.2013 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.11/13), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА**
**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се изменува Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06).

**Член 2**

Член 121 став (1) алинеја 12 се менува и гласи:

**''Член 121**

Советот ги има следните постојани комисии:
..........
''ј) Комисија за еднакви можности на жените и мажите''..........

**Член 3**

Насловот и член 133 се менува и гласи:

''ј) Комисија за еднакви можности на жените и мажите

**Член 133**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите разгледува прашања за еднаквите можности помеѓу жените и мажите, состојбите со застапеноста на жените во органите, учествува во проекти од оваа област и разгледува прашања од значење за еднаквите можности на жените и мажите''.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/6**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1012 ЗА КП 352/3 КО ИНЏИКОВО**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-1012 за КП 352/3 КО Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/5**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/2011, 54/2011, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1012 ЗА КП 352/3 КО ИНЏИКОВО**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, УП1 бр.28-1012 од 24.03.2011 година од страна на лицето Ванчо Динев од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 352/3 КО Инџиково, ул. "Маџари 2" бр.117 А, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планската документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11, 162/12 и 95/13).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со УДНМ за населено место Инџиково, усвоена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-290/3 од 01.07.1999 година (Службен гласник на Град Скопје бр.12/99).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/7**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1054 ЗА КП 352/9 КО ИНЏИКОВО**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-1054 за КП 352/9 КО Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/6**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/2011, 54/2011, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1054 ЗА КП 352/9 КО ИНЏИКОВО**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, УП1 бр.28-1054 од 24.03.2011 година од страна на лицето Нада Стојковиќ од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 352/9 КО Инџиково ул."2" бр.119-А с.Инџиково, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планската документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11, 162/12 и 95/13 ).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со УДНМ за населено место Инџиково, усвоена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр. 07-290/3 од 01.07.1999 година (Службен гласник на Град Скопје бр.12/99)

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/8**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-4401 ЗА КП 143/6 КО СТАЈКОВЦИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-4401 за КП 143/6 КО Стајковци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/7**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/2011, 54/2011, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-4401 ЗА КП 143/6 КО СТАЈКОВЦИ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, УП1 бр.28-4401 од 11.07.2011 година од страна на лицето Благоја Додевски од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 143/6 КО Стајковци ул." 11" бр.138 с.Стајковци, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планската документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11, 162/12 и 95/13 ).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со УДНМ за населено место Стајковци, усвоена од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр. 07-546/6 од 12.07.2002 година (Службен гласник на Град Скопје бр.9/02).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/9**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2102 ЗА КП 632 КО ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-2102 за КП 632 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.09.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4156/8**
**од 11.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/2011, 54/2011, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на ден 05.09.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2102 ЗА КП 632 КО ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, УП1 бр.28-2102 од 29.04.2011 година од страна на лицето Драги Пановски од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 632 КО Гази Баба, ул."Коце Металец" бр.9/2-5, Советот на Општина Гази Баба констатира дека не може да се изврши поместување на станбената улица со паркинг простор во урбанистичко-планската документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11, 162/12 и 95/13).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населба "Железара" Локалитет А - Блок 9, усвоен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-3329/9 од 09.11.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.11/12).

**Член 2**

Не се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект-гаража.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, нема да се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-3811/10**
**од 05.09.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
